АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 24. 10. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4631 | 1 | |

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Нова Македонија“;

2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на весникот „Слободен печат“;

2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Вечер“;

2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на весникот „Коха“;

2.5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Капитал“;

2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Фокус“;

2.7. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на весникот „Битолски весник“;

2.8. Друштво за издавачка дејност трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазините „Испрати рецепт“, „Лековити билки“, „Руски доктор“ и „ХроноГотвач“;

2.9. Друштво за издавачка дејност,трговија и услуги ГЛОБАЛ МЕДИА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазините „Unique“ и „Auto Focus“;

2.10. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на магазинот „М Магазин/Авто плус“;

2.11. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на весниците „Јени Балкан“ и „Јени Балкан Хафтал’к Билтен“;

2.12. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Лајм“;

2.13. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Економија и бизнис;

2.14. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Портрет“;

2.15. Друштво за трговија и услуги ИВ-АН ПРИНТ 16 ДООЕЛ Штип, издавач на весникот „Штипски глас“;

2.16. Друштво за издавање на електронски публикации, услуги, трговија и промет СПОРТМЕДИА ПРЕСС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на весникот „Спорт ком.мк“;

2.17. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на магазините „Убавина и здравје“ и „Home Style“;

2.18. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на магазинот „Порта3“;

2.19. Друштво за издавање на весници ИНДЕПЕНДЕНТ БАЛКАН ЊУС АГЕНСИ ДОО Скопје, издавач на весникот „Независен весник“;

2.20. Културно здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на магазинот „Шења“;

2.21. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на весникот „Скопско Ехо“;

2.22. Друштво за трговија и услуги ТИА МАЛИБУ Данче и др.ДОО Скопје, издавач на магазинот „Леона“ и

2.23. Друштво за производство, трговија, услуги и маркетинг МЕД ФОКУС ТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на магазинот „Храна и вино“.

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието од 22 октомври 2018 година на дневниот весниик „Лајм“ бр.3587;
- изданијата од 22-23 октомври 2018 година на дневните весници „Вечер“ бр.16864, „Коха“ бр.3490, „Слободен печат“ бр.1492, „Нова Македонија“ бр.24465, „Независен весник“ бр.242 и „Спорт ком.мк“ бр.123;
- изданието од 10 октомври 2018 година на неделниот весник „Битолски весник“ бр.2784/5;
- изданието од 15 октомври 2018 година на неделниот весник „Јени Балкан Хафтал'к Билтен“ бр.34;
- изданието од 18 октомври 2018 година на неделниот весник „Скопско Ехо“ бр.89;
- изданијата од 19 октомври 2018 година на неделните весници „Капитал“ бр.990 и „Фокус“ бр.1202;
- изданието за месец септември 2018 година на месечниот весник „Јени Балкан“ бр.688;
- изданието за месеците август и септември 2018 година на месечниот весник „Штипски глас“ бр.85;
- изданијата за месец октомври 2018 година на магазините „Економија и бизнис“ бр.243, „Unique“ бр.106, „Портрет“ бр.35, „М Магазин/Авто Плус“, „Убавина и здравје“ бр.123, „Леона“ бр.6 и „Шења“ бр.90;
- изданието за месеците октомври и ноември 2018 година на магазинот „ХроноГотвач“ бр.16;
- изданијата за месец септември 2018 година на магазините „Испрати рецепт“ бр.83, „Лековити билки“ бр.41, „Руски доктор“ бр.30, „Home Style“ бр.3 и „Храна и вино“ бр.168 и
- изданијата за месец август 2018 година на магазините „Порта3“ бр.271 и „Auto Focus“ бр.131.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 24 октомври 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:**

**5.1.** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е во целост исполнета кај 26 печатени медиуми**, и тоа кај: изданијата од 22-23 октомври 2018 година на дневните весници „Вечер" бр.16864, „Коха" бр.3490, „Слободен печат" бр.1492, „Независен весник" бр.242 и „Спорт ком.мк" бр.123; изданието од 10 октомври 2018 година на неделниот весник „Битолски весник" бр.2784/5; изданието од 15 октомври 2018 година на неделниот весник „Јени Балкан Хафтал'к Билтен" бр.34; изданијата од 19 октомври 2018 година на неделните весници „Капитал" бр.990 и „Фокус" бр.1202; изданието за месец септември 2018 година на месечниот весник „Јени Балкан" бр.688; изданието за месеците август и септември 2018 година на месечниот весник „Штипски глас" бр.85; изданијата за месец октомври 2018 година на магазините „Економија и бизнис" бр.243, „Unique" бр.106, „Портрет" бр.35, „М Магазин/Авто Плус", „Убавина и здравје" бр.123, „Леона" бр.6 и „Шеќа" бр.90; изданието за месеците октомври и ноември 2018 година на магазинот „ХроноГотвач" бр.16; изданијата за месец септември 2018 година на магазините „Испрати рецепт" бр.83, „Лековити билки" бр.41, „Руски доктор" бр.30, „Home Style" бр.3 и „Храна и вино" бр.168 и изданијата за месец август 2018 година на магазините „Порта3" бр.271 и „Auto Focus" бр.131.

5.2. Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми **е само делумно исполнета кај три печатени медиуми**, и тоа кај:

1. „Нова Македонија", чиј издавач е Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – не е објавен точниот број на печатени примероци;

2. „Лајм", чиј издавач е Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје – не се објавени податоците за името и презимето на одговорниот уредник;

3. „Скопско Ехо", чиј издавач е Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје - не се објавени податоците за адресата на печатницата.

Предлог – мерките за издавачите на овие печатени медиуми се дадени во посебните извештаи кои се доставуваат во прилог на овој извештај.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***